**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**ОБЈАВА**

**за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија**
**по пат на електронско јавно наддавање**
**за изградба на А1-семејно домување во станбени куки ,алтернативна класа на намени**
**во Општина Илинден**

## ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање е градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Македонија, предвидено со **Урбанистички план за дел од село Марино, дел од блок 28-локалитет 13 измена и дополна, плански период 2008-2018 г., усвоено на Совет на општина Илинден, со одлука број 07-464/2 од 13.03.2009 г. Сл. Гласник на општина Илинден бр. 3/1009 г. со намена за изградба на А1-семејно домување во станбени куќи, алтернативна класа на намени – Д1 10-15%** согласно Табеларен преглед во кој се дадени податоци за градежните парцели, за катастарските парцели кои се опфатени со градежните парцели, вкупна површина на градежната парцела, катност, површина за градење, процент на изграденост, почетна цена по м2, вкупна почетна цена и депозит за учество на јавното наддавање.

**Табеларен преглед**:

| Број на градеж. парцела | Број на катастар. парцела (сите КО Марино) | Површ. на градеж. парцела (м2) | Површ. на градба (м2) | Максимална висина до венец | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористеност | Почетна цена по м2 (денар) | Вкупна Почетна цена (денари) | Депозит за учество на електронско јавно наддавање (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГП бр. 1.23 | 257/1 | 438 | 214 | 10.20 | 48.6 | 1,46 | 61,00 | 26.718,00 | 2.671,80 |
| ГП бр.1.24 | 257/1 | 441 | 215 | 10.20 | 48.8 | 1,46 | 61,00 | 26.901,00 | 2.690,10 |
| ГП бр. 1.25 | 257/1 | 430 | 150 | 10.20 | 34.8 | 1,00 | 61,00 | 26.230,00 | 2.623,00 |
| ГП бр. 1.26 | 257/1 | 420 | 146 | 10.20 | 34.7 | 1,26 | 61,00 | 25.620,00 | 2.562,00 |
| ГП бр.1.27 | 257/1 | 410 | 142 | 10.20 | 34.6 | 1,27 | 61,00 | 25.010,00 | 2.501,00 |
| ГП бр.1.28 | 257/1 | 400 | 180 | 10.20 | 45.1 | 1,35 | 61,00 | 24.400,00 | 2.440,00 |
| ГП бр.1.29 | 257/1 | 390 | 173 | 10.20 | 44.5 | 1,34 | 61,00 | 23.790,00 | 2.379,00 |
| ГП бр.1.30 | 257/1 | 380 | 127 | 10.20 | 33,5 | 1,00 | 61,00 | 23.180,00 | 2.318,00 |
| ГП бр.1.31 | 257/1 | 369 | 120 | 10.20 | 32,5 | 0,97 | 61,00 | 22.509,00 | 2.250,90 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГП бр.1.32 | 257/1 | 359 | 114 | 10.20 | 31,7 | 0,95 | 61,00 | 21.899,00 | 2.189,90 |
| ГП бр.1.33 | 257/1 | 349 | 139 | 10.20 | 39,8 | 1,19 | 61,00 | 21.289,00 | 2.128,90 |
| ГП бр.1.34 | 257/1 | 331 | 132 | 10.20 | 39,8 | 1,19 | 61,00 | 20.191,00 | 2.019,10 |
| ГП бр.1.35 | 257/1 | 350 | 163 | 10.20 | 31,7 | 1,39 | 61,00 | 21.350,00 | 2.135,00 |
| ГП бр.1.36 | 257/1 | 350 | 156 | 10.20 | 44,5 | 1,33 | 61,00 | 21.350,00 | 2.135,00 |
| ГП бр.1.37 | 257/1 | 341 | 113 | 10.20 | 33,2 | 1,00 | 61,00 | 20.801,00 | 2.080,10 |
| ГП бр.1.38 | 257/1 | 349 | 108 | 10.20 | 30,9 | 0,93 | 61,00 | 21.289,00 | 2.128,90 |
| ГП бр.1.39 | 257/1 | 365 | 118 | 10.20 | 32,3 | 0,97 | 61,00 | 22.265,00 | 2.226,50 |
| ГП бр.1.40 | 257/1 | 381 | 167 | 10.20 | 43,7 | 1,31 | 61,00 | 23.241,00 | 2.324,10 |
| ГП бр.1.41 | 257/1 | 397 | 177 | 10.20 | 44,6 | 1,34 | 61,00 | 24.217,00 | 2.421,70 |
| ГП бр.1.42 | 257/1 | 414 | 148 | 10.20 | 35,8 | 1,07 | 61,00 | 25.254,00 | 2.525,40 |
| ГП бр.1.43 | 257/1 | 430 | 150 | 10.20 | 34,9 | 1,00 | 61,00 | 26.230,00 | 2.623,00 |
| ГП бр.1.44 | 257/1 | 446 | 155 | 10.20 | 34,8 | 1,00 | 61,00 | 27.206,00 | 2.720,60 |
| ГП бр.1.45 | 257/1 | 431 | 208 | 10.20 | 45,0 | 1,35 | 61,00 | 26.291,00 | 2.629,10 |
| ГП бр.1.46 | 257/1 | 376 | 152 | 10.20 | 43,9 | 1,32 | 61,00 | 22.936,00 | 2.293,60 |

## ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавното наддавање имаат:

1.Физички лица: државјани на Република Македонија, државјани на држави членки на Европската унија и на ОЕЦД, како и државјани на држави кои не се членки на Европската унија и на ОЕЦД а под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Македонија.

2.Правни лица: домашно правно лице, правно лице во мешовита сопственост, правно лице основано од странско физичко и правно лице, регистрирани во Централен регистер на Република Македонија, странски правни лица резиденти на држави членки на европската унија и на ОЕЦД, како и странски правни лица резиденти на држави кои не се членки на европската унија и на ОЕЦД а кои под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Македонија.

## УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање (во писмена форма, за секоја градежна парцела поединечно, во која е наведено за која парцела се однесува самата пријава и кои документи се составен дел на пријавата, во посебен плик за секоја градежна парцела), комплетирана со следните докази **(приложени во оригинал или фотокопии заверени на нотар**) :

1. Пријава од подносителот, во која се наведени податоците за што се однесува истата, како и што се доставува во прилог на пријавата (кои документи);
2. Доказ за платен депозит;
3. За физичките лица уверение за државјанство;

4. За правните лица доказ за регистрација на правното лице од соодветен регистер;
5. Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, односно доказ за својството овластено одговорно лице на правното лице и
6. e-mail адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничко име и шифра за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање ( **за подносителите на пријави кои ке достават погрешна е-маил адреса ,Министерството за траснпорти врски ке нема обврска да прима и врши корекции на истата)**

**Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на електронското јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени** (Доколку се учествува на електронското јавно наддавање на повеќе од една градежна парцела, доволно е во оригинал или пак фотокопие заверено на нотар да се достави погоре наведената документација во прилог на една пријава, а во останатите може да се доставаат и фотокопии)

Подносителите на пријави потребно е да достават во пријавата за учество на јавно наддавање и фотокопиа од лична трансакциона сметка на која ќе може да им биде вратен депозитот за учество на јавно наддавање.

## ПОЧЕТНА ЦЕНА

Почетна цена на електронското јавно наддавање за градежните парцели наведени во Табеларниот преглед изнесува **61,00 денар од метар квадратен**.

## ДЕПОЗИТ

1. Депозитот за учество на електронското јавно наддавање за секоја градежна парцела е утврден согласно Табеларен преглед даден во оваа објава и изнесува 10 % од вкупната почетна цена за секоја градежна парцела посебно.

2.Депозитот се уплатува вирмански или преку пошта на Буџет на Република Македонија, Народна Банка на Република Македонија, сметка 130010025669613, Приходна шифра и програма 733111-10 со назнака “депозит за јавно наддавање за оттуѓување на градежно земјиште”, за секоја градежна парцела посебно;

3**.** Депозитот се враќа во целост на подносителите на пријавите за јавно наддавање во рок од 15 дена од денот на одржување на јавното наддавање, освен на понудувачот кој понудил најповолна цена на кого по уплатата на вкупната цена постигната на јавното наддавање му се враќа уплатениот депозит намален за трошоци на постапката во износ од 10% од депонираните средства.

## РОКОВИ

Пријавите за учество на јавното наддавање можат да се доставаат до **19.10.2011 година** на адреса на министерството за транспорт и врски: ул.”Црвена Скопска Општина” бр.4, во Скопје, или директно во писарницата на министерството.

Јавното наддавање ќе се оддржи електронски на следната интернет страна www.gradezno-zemjiste.mk

Јавното наддавање ќе започне на **31.10.2011 година**, во **13,00 часот**, и истото ќе трае **1 (еден) час**.

## ПОСТАПКА

1. Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од три дена од денот на поднесувањето на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува и корисничко име и шифра за учество на електронското јавно наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.
2. На денот на одржување на електроското јавно наддавање учесниците пристапуваат на интернет страната со корисничкото име и шифрата која ја добиле на e-mail адресата доставена во прилог на пријавата за учество на јавното наддавање.
3. Електронското јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник во јавното наддавање, за секоја градежна парцела посебно.
4. Електронското јавното наддавање го следи Комисија, формирана од Министерот за транспорт и врски
5. Електронското јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена на земјиштето по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.
6. Наддавањето се врши “чекорно” со зголемување на вредноста со секој “чекор” не помалку од **10,00 денари.**
7. Електронското јавно наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во оваа објава, при што доколку во истекот на последните две минути од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути. Продолжување на крајниот рок е дозволено најмногу три пати во текот на јавното наддавање.
8. Електронското јавно наддавање може да трае и пократко од предвидениот временски рок, доколку учесниците на јавното наддавање се откажале од натамошно наддавање и останал само еден учесник кој се смета за најповолен понудувач.
9. Учесникот на јавното наддавање кој понудил најголема цена се стекнува со статусот најповолен понудувач.
10. Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.
11. Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од денот на завршување на постапката за јавно наддавање да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето.
12. Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средства во утврдениот рок, ќе се смета дека градежното земјиште не е отуѓено, нема да се пристапи кон склучување на договор за отуѓување и депонираните средства на најповолниот понудувач нема да му бидат вратени а истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела.
13. По извршената уплата во утврдениот рок Министерот за транспорт и врски склучува договор со најповолниот понудувач за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Македонија. Со договорот најповолниот понудувач (купувачот) се обврзува во рок од 30 дена од потпишувањето на истиот да го достави кај нотар заради солемнизација и во рок од 9 месеци од извршената солемнизација на договорот за градежната парцела која што е со површина до 5.000 м2, да обезбеди одобрение за градба на предвидениот објект согласно урбанистички план по кој земјиштето е отуѓено, во спротивно договорот еднострано ќе се раскине и 20% од вкупната сума од отуѓувањето нема да се вратат на купувачот. Со договорот најповолниот понудувач се обврзува

да го изгради објектот согласно урбанистички план по кој земјиштето е отуѓено во рок не подолг од 6 години од прибавеното одобрение, при што доколку објектот не се изгради во определниот рок по вина на купувачот, договорот ќе се раскине и истиот ќе има обврска да плаќа договорна казна во висина од 2% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање за предметното земјиште за секој изминат месец.

14. Најповолниот понудувач се обврзува да го плати данокот на промет што ќе произлезе како обврска по склучениот договор за оттуѓување на градежното земјиште.
15. Во цената на градежното земјиште не е вклучен надоместокот за уредување на градежното земјиште.
16. Трошоците за нотарската процедура и воведувањето во евиденцијата на недвижностите во Агенцијата за катастар за недвижности паѓаат на товар на купувачот на градежното земјиште.
17. Незадоволните учесници на јавното наддавање можат да изјават приговор до Комисијата во рок од 3 дена од одржаното електронско јавно наддавање. По приговорот со решение Комисијата е должна да одлучи во рок од пет дена од приемот на истиот.

Оваа објава ќе биде објавена и на WEB страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk